**ЗАПИСНИК**
**од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 31.01.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено патување).**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, со овластување бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.01.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.01.2020 година.
3. Предлог за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: авионски билети.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: од агенција за привремени вработувања.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: финансиско-осигурителни услуги.
7. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.01.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 7 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.01.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека Агенцијата како договорен орган согласно член 75 став 4 од Законот за јавните набавки може по потреба во текот на целата година да го измени и дополни Годишниот план за јавни набавки согласно планираните и обезбедени средства и сето тоа да го објави на електронскиот систем за јавни набавки. За предложеното дополнување на планот за 2020 година објасни дека станува збор за две набавки. Првата набавка е услугата - Адаптивно и превентивно одржување на софтверските апликации од системот за мониторирање и оперативните системи која не е предвидена во Годишниот план за оваа година бидејќи во периодот кога се изготвуваше Годишниот план оваа постапка беше во тек и која потоа заврши со одлука за поништување поради тоа што не беше поднесена ниту една прифатлива понуда. Посочи дека овој предлог за дополнување на Годишниот план е даден од Секторот за информатичка поддршка и општи работи. Втората јавна набавка со која се предлага да се дополни годишниот план е услугата закуп на простор за објавување огласи во дневни весници. Имено Агенцијата при спроведување на активностите од нејзина надлежност како што се објавување конкурси за доделување дозволи, одлуки за одземање на дозволи, објавување огласи за вработување согласно Закон за работни односи и во други случаи, има законска обврска своите акти да ги објавува во печатени медиуми. Во постојното законско решение на Законот за јавни набавки во член 20 став 1 алинеја 3 точка в, уредено е дека исклучоците од овој Закон за јавни набавки се применуваат само за термини за радио и телевизиско емитување но не и за објавување во печатени медиуми поради што се предлага да се спроведе и ваква набавка. Во самите набавки се дефинирани вредностите и видот на постапката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5616/1 од 27.12.2019 година, со текст како што беше предложен.

Согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, постојниот Годишен план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5616/1 од 27.12.2019 година, се дополни на следниот начин:

- во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, по точката 31 се додаваат две нови точки 32 и 33 кои ќе гласат:

| р. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Времетраење на договорот | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Адаптивно и превентивно одржување на софтверските апликации од системот за мониторирање и оперативните системи | 2 години | февруари | Отворена постапка | 8.000.000,00 |
| 3. | Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници | 1 година | февруари | Набавка од мала вредност | 400.000,00 |

Постојната точка 32 станува точка 34.

За горенаведеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5616/1 од 27.12.2019 година, средствата во целост се обезбедени со Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Службата за јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: авионски билети. Објасни дека

оваа набавка се спроведува секоја година со оглед на потребите на вработените од Агенцијата да остваруваат деловни патувања. Ќе се спроведе ако поедноставена отворена постапка и ќе се спроведе согласно препораката што е дадена од Бирото за јавни набавки и Државната комисија за жалби по јавни набавки, бидејќи станува збор за специфична јавна набавка. Оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата а средствата се обезбедени во Финансискиот план за 2020.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Авио билети.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Авио билети е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5616/1 од 27.12.2019 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 5**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга од агенција за привремени вработувања. Објасни дека станува збор за тековна набавка која се спроведува секоја година и истата е предвидена во Годишниот план и во Финансискиот план за 2020 година. Оваа набавка е посебно важна за оваа година бидејќи ќе има потреба од ангажирање на надворешни соработници за да се спроведе мониторингот за најавените избори за оваа година. Ќе биде спроведена како отворена постапка според проценетата вредност. Сите останати и потребни информации ги има во материјалите кои се доставено до Советот.

Г-дин Петрушевски праша дали во овие пари кои се проценети влегуваат и оние пари што ќе се добијат од Владата за изборите?

Раководителката Митревска објасни дека не може на ова да одговори бидејќи го нема тој податок. Оваа набавка се спроведува според средствата што се предвидени во Годишниот план за јавни набавки, а тие средства се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по одговорот од раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска заклучи дека тие пари што Агенцијата ќе ги потроши за ангажирање на соработници за мониторингот за време на изборите ќе бидат вратени од Владата.

Г-дин Фетаи праша дали Агенцијата има прецизирано колкав број на соработници ќе и требаат за мониторингот за време на изборите?

Раководителката Митревска одговори дека кога се подготвуваше Планот за јавни набавки и Финансискиот план за 2020 година сите раководители на Сектори начелно пријавија колку лица ќе им бидат потребни за ангажирање на овој начин.

Меѓутоа не знае колку ќе бидат точно на број бидејќи биле начелно кажани и не значи дека сите ќе се реализираат. Бројката зависи од потребите на Секторите.

Г-дин Фетаи праша дали можеби се работи за бројка од ангажирање на 100 или 150 надворешни лица?

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, м-р Драгица Љубевска одговори дека се работи за ангажирање на 24 до 30 луѓе. Тие нема да бидат ангажирани само во Секторот за програмски работи туку и во другите сектори како Секторот за правни работи и Секторот за информатичка поддршка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за услуга од агенција за привремени вработувања/приватна агенција за вработување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот услуга од агенција за привремени вработувања/приватна агенција за вработување е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5616/1 од 27.12.2019 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: финансиско-осигурителни услуги. Објасни дека ова е редовна набавка. Агенцијата има потреба да ја осигура недвижноста во која е сместена Агенцијата, потоа движните предмети кои се во објектот од кражба, пожар, земјотрес или друга незгода, потполно каско осигурување на моторните возила и деловно патничко осигурување на лицата кои што службено ќе патуваат а се вработени во Агенцијата. Објасни дека во техничката спецификација што е доставена на увид, вредноста на опремата во Точка 1.2.2. ќе биде внесена веднаш по завршувањето на пописот. Знае дека членовите на Советот не даваат согласност за техничките спецификации, но за нивно информирање сака да објасни дека таа не е конечната вредност на опремата и таа ќе се добие по завршување на пописот. Јавната набавка ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка.

Г-дин Трајчев праша кој може да учествува, дали само осигурителните компании или ќе се дозволат застапници брокери?

Раководителката Митревска одговори дека до сега се јавувале само осигурителните компании.

Г-дин Трајчев рече дека тогаш е во ред.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка-услуга: финансиско-осигурителни услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: финансиско-осигурителни услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги бр.05-5616/1 од 27.12.2019 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-398/6**
**07.02. 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**